Јавно претпријатије за комунални дејности
РОСОМАН
Бр. 02-270/1
16.12 2025 год.
РОСОМАН

# ЈПКД „РОСОМАН“ - РОСОМАН

# Програма за работа и развој на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за 2026 год.

ЈПКД „РОСОМАН“ ВД Директор

Росоман Александар Стојанов

Росоман 2025

## 1. Вовед

Јавното претпријатие за комунални дејности „Росоман" - Росоман (понатаму во текстот именувано со ЈПКД) е формирано како комунално претпријатие со Одлука на Советот на општина Росоман на 31.03.2001 год. Статутот на ЈПКД е усвоен од Управниот одбор на 24.07.2001 година. ЈПКД ги обезбедува следните услуги:

1. Снабдување со вода за пиење (зафаќање, обработка и дистрибуција на водата до мерниот инструмент на корисникот);
2. Собирање, пречистување и дистрибуција на водата за пиење и прехрамбената вода;
3. Искористување на водата за пиење;
4. Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарии и слични активности;
5. Одгледување на зеленчук, цвеќе и украсни билки;
6. Уредување и одржување на паркови, зелени и рекреативни површини;
7. Панаѓурски активности и активности на забавни паркови;

Дополнувањата на Статутот се донесени на 06.09.2011 година.

Со Статутот се утврдува ЈПКД како независен правен субјект, управуван од страна на директор кој го именува градоначалникот на општината. Управувањето го врши Управниот одбор, кој се состои од пет члена. Надзорот над финансиското сметководство го врши Надзорниот одбор, кој го формира Советот на општината. Надзорниот одбор се состои од пет надворешни членови.

ЈПКД нема формален договор за услуги со Општината. Одлуката за комунален ред содржи конкретни одредби поврзани со услугите за вода и отпадни води како што се приклучување на корисниците, инсталирање, одржување и поправка на водомерите, поправки при проблеми, прекини во водоснабдувањето итн.

ЈПКД се придржува до важечките законски барања и подготвува само годишни програми. Сите финансиски извештаи на ЈПКД (годишни извештаи за успешност,

финансиски извештаи – годишна сметка итн.) исто така се поднесуваат до Советот на општината за одобрување.

Во оваа програма за 2026 година поставени се цели кои треба да се остварат и реализираат, меѓу кои и претходно дефинираните активности кој треба да се спроведат за да се остварат посакуваните цели. Целосно искористување на постојните капацитети, подигнување на нивото на услуги што се извршуваат, максимално искористување на опремата, максимално искористување на човечките ресурси и намалување на трошоците за работа.

Затоа во оваа година се поставени следните параметри:

- планиран обем на работни задачи,
- инвестициони вложувања,
- квалитет на работите кои се извршуваат,
- постигнување на добри финасиски резултати

Разгледувајќи ги целите кои беа поставени во програмата за 2025 година и согледувајќи ги остварените активности и резултати од таа програма, слободно можеме да кажеме дека планираната програма за 2026 година во целост ќе биде реализирана.

ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман ќе се стреми кон постигнување на најдобри резултати за сите предвидени цели во програмата за работа за 2026 година.

## 2. Собирање, транспортирање и депонирање на смет

И во 2026 година ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман ќе врши редовно собирање и транспортирање на смет од сите населени места во Општина Росоман.

Досегашните донирани метални и пластични контејнери за смет, се распоредија во сите населени места, во кои се извршува услугата за собирање, транспортирање и депонирање на смет, со што кон собирање, транспортирање и депонирање на смет се опфатија сите населени места во Општина Росоман.

Собирањето на сметот ќе се врши со трактор МАХИНДРА и специјалното возило за собирање на смет МИЦУБИШИ ФУСО со капацитет од 6м3 кое ќе работи во две смени.

Во соработка со Општината ќе се бара да се набават нови 30 контејнери од 1.1 м3 за кои што веќе има потреба и да се направи измена на некои од старите контејнери.

Покрај редовното собирање на смет во 2026 година преку организирани акции, планирано е да се исчистат некои од дивите депонии.

Сите овие наведени активности и акции ќе придонесат да се вклучи населението во Акцијата за поздрава и почиста животна околина во која сите ние секој дневно живееме и истата треба и да ја зачуваме.

## 3. Снабдување со здравствено исправна вода за пиење

Основна дејност на вработените во ЈПКД „РОСОМАН" - Росоман и во оваа 2026 година ќе биде водоснабдувањето со сите останати компоненти што тоа ги содржи и тоа:

- Одржување на водоснабдителните и канализационите мрежи и објекти во исправна состојба, што преставува редовна контрола, навремено остранување на сите настанати дефекти, како и располагање со сите резервни делови кои се неопходни за одржување.

- Редовно следење на квалитетот на водата за пиење и нејзино хлорирање.

- Издавање на согласности за нови водоводни и канализациони приклучоци во постоечката мрежа на граѓаните и правните субјекти во Општина Росоман.

Водоснабдувањето на населените места Росоман, Манастирец, Рибарци и Трстеник се врши преку водоснабдителниот систем Хидро Бошава и Лукар заедно со ЈП Комуналец – Кавадарци.

Водоснабдувањето во населеното место Сирково се врши преку засебен гравитациски систем во кој се прибрани водите од изворите Рашовец и Браница, а по потреба се врши дополнување од постоечкиот бунар.

Во населеното место Паликура водоснабдувањето се врши исклучиво преку бунарски систем.

Производството на вода во 2026 година се планира да биде како и минатата година во границите од 400 000 $м^3$ до 430 000 $м^3$.

- **Планираната структура на потрошувашка на вода:**

| | |
|---|---|
| - **Потрошувачи** | **170 000 м3** |
| - **Загуби на вода во водоводниот систем** | **258 000 м3** |
| **Вкупно:** | **428.000 м3.** |

Основна карактеристика на финасиската структура на оваа дејност на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман е да сите активности во врска со снабдубањето на населението со здрава вода за пиење и одведување на урбани отпадни води се финасираат врз принципот на самофинасирање.

Тоа се однесува на работата во рамките на престојната репродукција, што подразбира комплетно одржување на водоводната и канализационата мрежа како и на постоечкото ниво на услуги од овај домен. Исто така кога станува збор за реконструкција, односно проширување на постоечката мрежа кога имаме можности самостојно или делумно ја финасираме од расположливите стрества во претпријатието со што се трудиме тој тренд на проширување да биде запазен и во иднина.

Во соработка со Општината потребно е да се изврши замена на регулационите вентили во Росоман, Сирково и Рибарци.

## 4. Одржување на јавни и зелени површини и паркови;

Вработените во ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман и во оваа 2026 година ќе ги извршуваат своите редовни работни обврски и тоа, косење, наводнување и уредување на зелените површини и паркови во Општина Росоман.

Исто така ќе продолжат да се одржуваат:

- Јавните површини во сите населени места во општината,
- Уредување на одредени јавни површини (засадување на зелени површини),
- Засадување на нови садници (дрвца, сезонско цвеќе, зелени површини),
- Редовно кастрење на улици и јавни површини во населените места.

## 5. Одржување на локални и полски патишта

Во рамките на своите можности планираме да ги одржуваме локалните патишта во општината, расчистување на паднати дрва и други материјали доколку ги има, како и странично чистење на патиштата до банкините. Доколку има потреба со градежната машина ќе вршиме чистење на снег од локалните патишта.

Во текот на годината ќе извршиме санирање на ударните дупки на улиците и патиштата.

На полските патишта доколку има потреба ќе вршиме санирање со одлагање и распланирање на тампон и речен камен.

## 6. Стопанисување со Зелениот пазар во Општина Росоман

Во рамките на своите надлежности ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман стопанисува и со Зелениот пазар кој е стациониран во Општина Росоман.

Разликата од средствата кои ќе се реализираат во 2026 година ќе бидат наменети за покривање на загубите и исплата на заостанатите долгови од претходната 2025 година.

Доколку се реализираат сите активности кои се планирани во оваа програма за работа за 2026 година ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман уште повеќе ќе ја зголеми својата ефикасност и ефективност во работењето, што подразбира подобро функционирање и зголемување на ефикасноста во своето работење, одлично функционирање на водоводната мрежа и одведувањето на урбаните отпадни води.

ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман, и понатаму ќе ја остварува една од основните функции за која е и, формирано а тоа е, да биде сервис на граѓаните од општина Росоман.

**ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман**

**ВД Директор**

**Александар Стојанов**

*Росоман 2025 година*